# ИНФОРМАТОР

Зголемено учество на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки од областа на животната средина
Јули-Септември 2016

## За проектот




Проектот **„Зголемено вклучување на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки од областа на животна средина“** е финансиран во рамките на програмата за акциски грантови на Цивика мобилитас, а имплемементиран од страна на ЗГ „Центар за климатски промени“ – Гевгелија.

*Кажи ми, ќе заборавам*
*Покажи ми, ќе запомнам*
*Вклучи ме, ќе разберам!*

*Античка поговорка*

**Главната цел на проектот е да обезбеди зголемена вклученост на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки од областа на животна средина на локално ниво.**

**Времетраење на проектот: 01.07.2016 – 31.12.2017**

## Главни активности:

**Проектот ги таргетира граѓанските организации (ГО) и единиците на локална самоуправа (ЕЛС). Целите ќе бидат исполнети преку имплементација на следните активности:**

- Подготовка на Студија за моменталната состојба на вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки за животна средина на локално ниво;
- Спроведување на обука за ГО и ЕЛС на тема вклучување на јавноста во процесот на донесување на одлуки;
- Изработка на акциски планови за ЕЛС и формирање на неформална мрежа за вклучување на јавноста во 5 пилот ЕЛС

## Студија за моментална состојба со вклученоста на јавноста во процесот на донесување на одлуки за животната средина на локално ниво

Во септември започна подготвката на Студијата која ќе се развива врз основа на истражување и дистрибуција на прашалници до идентификуваните засегнати страни на територијата на целата држава.

Со цел утврдување на моменталната состојба за вклученоста на јавноста во процесот на донесување на одлуки подготвена е дата база на засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот, изготвен е прашалник и подготвена е интернет платформа преку која ќе се врши дистрибуцијата на прашалниците. Прашалниците ќе бидат доставени до организации кои работат во следите области:

- животна средина
- рурален развој
- земјоделие и
- други сектори индиректно поврзани со животна средина.

Врз основа на утврдената моментална состојба, Студијата ќе даде идентификација на клучните проблеми во областа на животната средина, влијанието на ГО и јавноста за нивно решавање, транспарентност при донесување на одлуките како и зголемено учество на ГО во носењето на одлуките за животна средина на локално ниво.

## Следни активности:



Во периодот што следува Центар за климатски промени ќе започне со подготовка на Програмата за обука на ГО и ЕЛС. Обуките ќе се одржат во месец Ноември – Декември 2016 година. Двете обуки ќе траат по два дена и на истите ќе бидат вклучени по 20 претставници од ГО и ЕЛС.

Повеќе информации на:

centarzaklimatskipromeni@yahoo.com
www.ckp.org.mk

*Проектот е поддржан од:*

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

**Содржината на овој информатор е единствена одговорност на ЗГ „Центар за климатски промени“ Гевгелија и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.**